РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 08-253
15. 08.2023 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-253 од 03.08.2023 година за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година и Заклучокот арх.бр.02-3115/5 од 15.08.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 26-та седница одржана на 14.08.2023 година, донесе

## Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип.

2. Ова решение влегува во сила веднаш.

## Образложение

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско или за радио емитување престанува да важи по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од ЗАВМУ.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 25-та седница одржана на 01.08.2023 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-2966/2 од 01.08.2023 г., донесе Одлука Уп1 бр.08-253 од 03.08.2023 г. со која ја одзеде дозволата на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 г., поради тоа што imателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини, што претставува основ за одземање на дозволата согласно член 82 став 1 алинеја 2 од истиот Закон.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги, а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), Одлуката Уп1 бр.08-253 од 03.08.2023 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 г. и Заклучокот арх.бр.02-3115/5 од 15.08.2023 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 26-та седница одржана на 14.08.2023 г., донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.